РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ
6.9.2024 год.

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет-Скопје
17 Бр. 229/19
6. 9. 2024 год.

Постапувајќи по поднесениот приговор од страна на кандидатката со број на електронска пријава – **114109**, со архивски бр. 03-229/16 од 5.9.2024 година, пријавена на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во учебната 2024/2025 година во првиот уписен рок, Конкурсната комисија се состана на 6.9.2024 година и согласно своите надлежности ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

I. Поднесениот приговор од страна на кандидатката со број на електронска пријава – **114109** и архивски бр. 03-229/16 од 5.9.2024 година, **СЕ ОДБИВА КАКО - НЕОСНОВАН**.

II. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение:**

По направениот увид во пресметаните поени од успехот од средното образование и освоените поени на тестот за утврдување на склоност за студирање архитектура, Конкурсната комисија утврди дека НЕМА пропусти или технички грешки.

При конкурирањето на Архитектонскиот факултет кандидатите може да освојат најмногу 100 поени, каде успехот од средното образование учествува со 60%, а успехот постигнат на тестот за склоност за студирање архитектура учествува со 40%. Пресметката на бодовите од успехот во средното образование се врши на следниов начин: **бодовите од успехот од средното образование се добиваат согласно Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2024/25 год.** Вкупниот добиен збир се множи со коефициент 0,6. По оваа основа може да се добијат најмногу 60 поени, а кандидатката освоила – **57,476 поени.** На Тестот за утврдување склоност за студирање архитектура кандидатката освоила **16 поени** и била рангирана со вкупно **73,476 поени** (57,476+16), на **19 место во квотата Нерангирани.**

Согласно горенаведеното, Конкурсната комисија утврди дека кај резултатите објавени во прелиминарната ранг листа НЕМА технички грешки во пресметаните поени од успехот од средното образование и Тестот за утврдување склоност за студирање архитектура.

Конкурсна комисија:

Проф. д-р Бојан Каранаков

Проф. д-р Марија Мано Велевска

Вонр. проф. д-р Мери Батакоја